Д-р Вјеран КАТУНАРИЌ

# МОЌТА И ЕТНОНАЦИОНАЛИЗМОТ

## Контитуитетот на политичката моќ и колективниот идентитет

На големиот временски и просторен распон на модерното општество од француската револуција до современа Источна Европа, од Шри Ланка до канадски Квебек му се својствени бранови на национализам и етнички судири. Таа појава стана повод за ревизија на класичната теорија за модернизацијата. Оваа теорија претпоставуваше дека ширењето на пазарот, на демократските установи, урбанизацијата, образованието и поизедначените распределби на ресурсите ќе ја намалат значајноста на етничкиот идентитет, солидарноста и судирањето, а дека ќе ја зголемат меѓуетничката толеранција и попречните социјални интересни врски и облици на групирање (спореди Parsons, 1992; Touraine, 1992). Во критиката на модернистичкото сфаќање предничат теоретичарите на етничката компетиција. Тие тврдат дека споменатите услови на модернизацијата главно произведуваат обратен ефект. Притоа ја истакнуваат динамиката на моќта и појавата на нови политички елити. Новите елити во полиетничките општества ги собираат луѓето врз основа на етничката припадност, што води во натпреварувачки односи, а овие во судири. Тоа не е анахронизам туку, напротив, делотворна форма на колективна акција за постигање на цели кои не можат да се постигнат со класни, професионални или други облици на колективна акција. Во такви услови и самиот етнички идентитет претставува нова конструкција. Неа ја поттикнуваат и на неа и се придружуваат луѓе кои во етнополитиката гледаат шанса за зголемување на нивниот социјален углед, имотна корист или за политичка добивка (Olzak and Nagel, 1986; Belanger and Pinard, 1991; Furtado and Hechter, 1992; Štulhofer, 1993; Katunarić, 1993; Hodson et. al., 1994).

Таквото видување на етнонационализмот како пат за зголемување и полицентрично ширење на моќта во општеството и на соодветната интересовна мотивација на учесниците, поттикнувачко е и можно е да се примени при разгледувањето на современиот бран на етнонационализам - со два ограничувачки услови.

**Прво**, претпоставката дека голем број луѓе се вклучуваат во етнонационалите движења од лични интереси и од корист, тешко е докажлива и еднострана иако таквата мотивираност, сама или помешана со ентузијазам, може да го одбележува однесувањето во почетната фаза на движењето, кога се настојува да се придобијат што поголем број учесници. Тогаш очекувањата се и највисоки, особено затоа што нив ги потенцира водството на движењето. Објективно и на подолг период гледано шансите на масата од учесници за реална добивка се како и во лотаријата, релативно мали. Во стварноста, успешната колективна мобилизација, од класичните револуции и етнонационалните движења, произведува два вида на награди: материјални и симболички, „опипливи“ и „илузорни“ (последните Kellas/ 1991,54/ ги нарекува „психички приходи“). Количината на првите награди е условена од карактеристиките на социјалната стратификација. Мобилизацијата не ја поништува (старата, постоечката) социјална стратификација туку ја доградува. Таа делува каталитички за измена на релативната положба на некои групи (за односот на интелектуалците, политичките функционери и административните кадри во различните фази на националните движења види: Coakley, 1992). Во ефективна смисла тоа е ова параболично движење. Мобилизацијата го индуцира и го шири чувството на хомогеност и еднаквост па и чувството на сигурност во колективното „ние“. Тоа е нејзината субјективна и симболичка сила. Меѓутоа тврдите ресурси – политичките (положби во новото водство и власта) и економските (имотни предности или повластици), во ограничен опсег, се распределуваат во кругот на елитата и нејзините клиентелски мрежи. По завршувањето на параболичното движење тој монополски образец се консолидира, регламентира и преименува. Тој истакнува нов политички атрибут, демократијата, но, над сѐ, своето национално име. Етнонационализмот во една полиетничка држава, во смисла на добивање на тврди ресурси, е „порационален“ за еден нов, но релативно мал број на луѓе кои во стариот поредок не можеа да најдат или да задржат улога или положба од лично висока корист. За останатите, мнозинството, етнонационализмот претставува симболичка надокнада, облик на колективна припадност и значење која повеќе одговара на нивните чувства и претстави за општествена блискост. Таквиот однос кон колективното тешко е да се класифицира во катего-

ријата калкулативно делување, особено кога дезинтеграцијата на полиетничката држава и општество, како последица од колективната акција врз основа на етничко здружување, вклучува и етнички судири, војни, а со тоа и економско пропаѓање и беда. Просечниот припадник на (новата) нација е задоволен што сега живее на свое тло, а истовремено незадоволен од својата материјална ситуација (Хоровиц истакнува дека скоро во сите случаи на сецесионистички движења во третиот свет може да стане збор само за „рационални интереси“ на елитите – Horrowitz, 1992, 132). Па сепак, тој истиот човек на крајот на „параболата“ нема едното да го условува со другото. Тој нема да смета дека етнонационалната акција била погрешна и причинила влошување на неговата материјална положба. Како што оправдано истакнува Елстер, некои субјективни преференции не се подложни на промени иако се меѓусебно противречни (Elster, 1986, 105). На истото и поконкретно, по повод на етнонационализмот во поранешниот Советски Сојуз, укажува Амстронг истакнувајќи ја „автономномијата на етничкиот идентитет“: луѓето не се спремени своите интереси да ги согледуваат исклучиво во светлината на материјалното, како прашања за „леб и путер“ (Armstrong, 1992).

Иако е очигледно дека етнонационализмот не е нужно порационален пат за политичка и економска модернизација, особено тогаш кога води во трајни судири, не постојат ни спротивни докази за повисоката рационалност на патот на интернационализацијата на стопанството и на ограничувањето на националниот суверенитет, особено во случаите на земјите од третиот свет и неоколонијалните олигархиски врски (спореди Bamyeh, 1993). Двата процеса, дезинтегративните и интегративните, произведуваат последици кои мнозинството луѓе не можат „економски“ или на некој друг вообичаен начин да ги рационализираат. Судот „Сега нам ни е добро затоа што сме сиромашни и закинати на своја земја“ не е логички кохерентен.

Процесите на (дез)интеграција кои доведуваат до таков исход се причинети од поместувањата во системите на моќта, од дејствувањата на елитите кои, пред сѐ, манипулираат со елементот физичка сила или економска принуда што условува расколи, преместувања, поврзувања и други промени во односите меѓу големите групи луѓе. Промените на пазарот, политичките борби и војните се механизми кои ги покренуваат на движење и ја доведу-

нирани територијални граници (кои во меѓувреме се меѓународно признати). Благодарение на тоа хрватската нација и хрватскиот национализам има и карактеристики на првиот тип, т.е. карактер на „зајакнување на држава". Исто така, инсистирањето на Србија од крајот на осумдесеттите години на рецентрализација на заедничката држава во името на опстанокот на сите Срби во една држава го поткопуваше постоечкиот полуконфедерален облик на држава, а го јакнеше стариот унитаристички облик на држава (спротивноста ја изразуваше бучната крилатица, „слаба Србија јака Југославија"). Според тоа: а) сите членки зајакнуваа една, а поткопуваа друга димензија на заедничката држава и б) новите самостојни држави израснаа од елементите на субнационалните држави внатре во поранешната заедничка држава.

По аналогија со типот на нација која „зајакнува држава" треба да се истакне фактот дека илјадници луѓе во биркоратијата (државната админстрација и војската) како и членовите на нивните семејства зависеа како од опстанокот така и од зајакнувањето на државата (Mann, 1993, 133-4). Затоа тие, иако не само тие, во даден момент, станаа заговорници на екстремен национализам. Таквата бирократија е „суперлојална" (Mann, 1993, 134). Основна причина за таквото однесување е опстанок на работа и на власт. Затоа оваа група здушно ги прифаќа новите (национални) атрибути на моќта. (Во нашиот случај војската и дел од полицијата и се приклонија на србијанската страна, а поголем дел од државната, а веројатно и од старата партиска администрација на хрватската страна. Под новите атрибути растргнатите делови од старата заедничка држава прерасна во самостојни организми нации–држави. Секако, несрпските нации се докомплетираа и со сопствена војска).

На крај, во овој случај постои и континуитет на националниот идентитет. Така ХДЗ во Хрватска, како ниту една партија на власт во Словенија, Македонија и Србија, не е конструктор (на нов) државно национален идентитет (ниту во максималистичката варијанта на држвната идеја која ги вклучува сонародниците од соседните земји ниту во минималистичката варијанта која го вклучува само народот, односно етнонацијата од подрачјето на постоечката држава). Водечките партии го нагласија и го антагонизираа националниот идентитет и спроведоа масовна мобилизација, но тие не и додадоа ништо ново ниту на величината ниту на содржината на идентитетот.

ваат во прашање судбината на маси луѓе независно од тоа дали тие за таквите промени дале или не дале своја свесна и јавна согласност. Тие, со таквата фаталност всушност не можат да се нагодуваат туку ја реинтерпретираат на субјективно најпогоден начин, во облик на верски или секуларен мит за една судбинска заедница, за еден колективен идентитет кој смисловно најмногу ја абсорбира фаталноста, контингентноста и објективната непресметливост на настаните. Веројатно заради тоа мнозинстото лошата судбина полесно ја поднесува во национални отколку во интернационални рамки, како што претпочитаат да патат или да умрат во кругот на семејството отколку во болница. Националната рамка најуспешна ја поддржува интимноста во голема група, „чувстото на сродство" надвор од семејството (Connor, 1993)

Според тоа, етнонационализмот ја спојува рационалноста и ирационалноста на колективното дејствување, концентрацијата на тврдите ресурси на моќта во рацете на елитите со симболичката добивка на мнозинството во смисла на чувство на автентично колективно припаѓање.

**Второ**, етничката мобилизација не раѓа нужно сосема нови политички елити. Таа, во различни аранжмани (од преименување на политичката партија до премин и конверзија во други партии) може да го продолжи векот на опстанок на старите политички елити или на нејзините главни доскорашни или некогашни припадници (на примерот на поранешниот Советски Сојуз види: Furtado and Hecher, 1992). Тоа важи и во случајот на поранешна Југославија. Распаѓањето на втора Југославија и создавањето на низа самостојни држави не може да се вклопи само во еден од трите историски идеални типови на нација и национализам (како што ги разликува Mann, 1993, 730): оној кој „зајакнува" (некоја постоечка) држава (на пример, Англија), оној кој „создава" (нова) држава (на пример, Германија) и оној кој „поткопува" (некоја постоечка) држава (на пример, австриските земји). Иако нациите ја минираа старата (југословенска) држава, што спаѓа во третиот тип национализам, тие веќе имаа инфраструктура за самостојна држава, присвоена благодарение на полицентричниот раст на поранешната заедничка држава. Хрватска беше република внатре во Југославија и, условно зборувајќи, со исклучок на војската и дел од полицијата, имаше свој партиски и цивилен државен апарат и, независно од оспорувањето од страна на Србија, дефи-

## Системите на моќ, конјуктурните циклуси и етнонационализмот

Преминот во идниот облик на држава и колективен идентитет е одреден од претходната состојба. Таквата ситуација е привидно хаотична, контингентните исходи се структурирани. Според зборовите на Тери Карл:

> „дури и сред најстрашната несигурност условена од преминот од еден режим во друг, кога изгледа дека присилите најмногу попуштаат и кога се чини можен широк распон на исходи, одлуките кои ги донесуваат различните учесници одговараат и се условени од типот на веќе присутните социоекономски структури и политички институции" (Terry Karl, цитирано според Braton and van de Walle, 1994, 456)

Тој детерминизам, „типовите на социоекономски структури и политички институции", кој се легитимира и се именува со посредство на нацијата овде ќе го поимиме како **систем на моќ**. Тоа е поредок во рамките на горната општествена класа во кој еден вид на елита има приоритет во однос на друг (оваа концепција пошироко ја изложив во: Katunarić, 1994).

Еден систем им дава приоритет на политичките елити над економските (поранешните социјалистички општества чија политократска матрица сѐ уште трае). Таквиот однос воопштено се изразува во приматот на колективните добра или интереси („класни" односно „национални" интереси) над приватните и во склоноста кон етатистичка регулација (вклучувајќи ги и различните патерналистички односи меѓу државата и приватните претприемачи или воопшто меѓу државата и граѓаните со истовремено сузбивање на автономните здруженија и организации). Таквиот систем создава и одржува наднационални држави и меѓународни сојузи и полиетничка структура на општеството претежно потпирајќи се врз механизмите на физичката присила и политичкиот надзор (искуство од советската хемисфера).

Другиот систем на моќ приоритет им дава на економските елити, што е карактеристично за западните земји во периодите на меѓународен економски раст и стабилност засновани на приватни поттици и вложувања. Тоа се изразува во приматот на при-

ватните добра или интереси над колективните или јавните. Стопанството тежнее кон меѓународно поврзување додека политичкото управување и социокултурните вредности, ограничени повеќе на националниот простор. Создавањето и одржувањето на наднационален политички и социокултурен простор е условено од претходна консолидација на заедничкиот стопански простор (новиот европски проект кој го заменува националниот простор на владеењето на Светата Алијанса).

Третиот систем на моќ е нестабилна комбинација на првите два, „транзитивен", но и „цикличен" во временски неограничена смисла. Тој е карактеристичен за земјите од третиот свет и земјите од поранешниот Исток кои лавираат меѓу политиката на национална независност, кога националните ресурси се прогласуваат како главно општо добро и меѓу политиката на зависност, кога тие ресурси се распарчуваат во спрегата на домашните елити со претпријатија од развиените земји.

Настојувањето на системот на моќ да се шири, а во исто време, како најсигурно, себеси да си осигура и локално упориште, нему му дава дволичен изглед. Скоро сите современи земји во своите устави ги вградија елементите на модерниот универзализам. На тој начин истакнуваат начелна подготвеност да обезбедат услови за рамноправно (со)учество на сите поединци и групи како внатре во сопственото општество, во нациите–држави (мултиетнички), така и надвор (интернационално). Меѓутоа во стварноста овие начела се кршат со специфични законски регулативи, незаконски или на некој друг дискретен, но од страна на социјалното (етнонационалното) мнозинство одобрен начин (за различните облици на дискриминативна пракса види M. G. Smith, 1986). На крајот на краиштата, самата нација–држава е втемелена врз монополски принцип и исклучување, подразбирајќи дека нејзините членови (државјани) за разлика од нечленовите (недржавјаните) имаат приоритет или исклучиво право на користење на ограничените ресурси (пред се, работните места) што потполно се изразува во денешната имиграциска, а особено избегличко–прогонска криза, како прашање на „контрола на границите" (Morokvasić et. al. 1994, 131).

Меѓутоа, за нашата тема поважно е тоа што односот универзализација–партикуларизацијата, вклучување–исклучување во модерната епоха временски варира со што е одбележано ам–

бивалентното однесување на водечките елити во светот. Тие ги создаваа и ги пренесуваа двата модели на модерни светски идеологии: интегративните како, на пример, светската економија и светскиот социјализам и дезинтегративните како, на пример, нацијата–држава и национализмот. Последниот модел, сепак, многу полесно отколку првиот, се пренесуваше од центарот кон периферијата.

Варијабилниот однос меѓу системот на моќта и етнонационализмот може да се опише на три нивоа: идеолошко, стратегиско и институционално (националната држава).

Како што истакнува Чирот, либерализмот, социјализмот и корпоративизмот како три главни идеолошки струи во минатото и ова столетие „оперираат внатре во рамките на растечкиот национализам“ (Chirot, 1986, 295). Оваа дволичност на модерните идеологии не се пројавува одеднаш туку во периодични варијации. Идеолошката динамика ја одбележуваат „цик–цак“ поместувања.

Тие поместувања истовремено го изразуваат стратешкото ниво на обликување на моќта: методите на управување со кои се служат елитите со цел на директен или индиректен начин, дома или во странство, национално или интернационално, расно или мултирасно да ги одржат заедно деловите од општеството кое го контролираат. Така поместувањата од универзалистичка великодушност кон националистичка или расистичка теснградост и назад, како и од мир кон војна и обратно, Валерштајн ги објаснува како две лица на светскиот капитализам. Жариште на таа стратегија од која зависи идеологискиот профил на некој период на капитализмот е остварувањето на оптималните економски ефекти во различните поволни или неповолни услови во внатрешните и во меѓународните односи. Според Валерштајн, модерниот универзализам е причинет од експанзијата на капиталистичките интереси на светскиот пазар, а „барањата за универзалност се најсилни меѓу доминантната буржоазија сместена во централните подрачја“ (Wallerstein, 1991, 156). Во периодите на рецесија и протекционизам и рестриктивна политика на светскиот пазар, расизмот и национализмот стануваат приоритетни вредности за централните елити, но и за општественото мнозинство во централните земји.

Меѓутоа ваквите осцилации не му се својствени само на доминантниот либерален капитализам. И самиот Валерштајн не-

одамна забележа дека: „Старата левица зборуваше со универзалистички јазик, но практицираше партикуларистичка политика" (Wallerstein, 1994, 14). Како што детално опишува Конор, марксистичко-ленинистичката теорија и стратегија се сведуваше на тактизирање со националното прашање, сé додека тоа не стана најважна стратешка точка (Connor, 1984). Болшевизмот најпрво се обиде национализмот да го кооптира, потоа да го порекнува и на крајот со него да флертува – пред сé со традиционалниот национализам на мнозинската етничка група. Меѓутоа резултатите од свртувањето не секогаш беа поништувачки, "zero sume". Некои политички елити секогаш успеваа да направат профит – или од ништо или од либерализацијата, од цврстото или од лабавото поврзување меѓу периферните и централните кругови на елитата. Па сепак, тенденцијата за дезинтеграција на сложената држава во нации-држави беше посилна и пофункционална. Таа подобро му служеше на интересот за насобирање на политичката моќ така што оваа се умножува – најпрво по пат на лабава федерација, а потоа по пат на формирање на независни држави.

Национализмот исто така и заради истата основна причина, преовлада меѓу лево оринетираните антиколонијални движења во третиот свет по втората светска војна (Hobsbaum, 1992). Левичарските, но и либералните партии кои се обидоа да играат на поинаква карта, а не на картата на етничката припадност, т.е на „етничкиот партискиот систем", останаа без места во парламентите (Horowitz, 1985, 340)

Севкупно, од раната кооптација (во смисла на Сталиновото „национално и колонијално прашање") до скорешните преобразби на комунистичките партии во национални партии во Источна Европа, политократскиот систем бара најпогоден начин за осигурување на масовна поддршка. Тој декларативно ги штити општите (класни или национални) добра за што и ја добива масовната поддршка. Но практично со тие добра располагаат само елитата и нејзините клиенти. Масовната поддршка најнапред, во периодот на социјалистичкиот елан, е придобивана ентузијастички потоа со терор и со „организиран консензус" (Zaslavslki, 1985). На крајот, со воведувањето на повеќепартизмот, најплодоносниот пат за масовна поддршка води преку драматизирање на националното прашање и етничка мобилизација која во крајни случаи завршува со воена мобилизација и етничко чистење (Kaldor,

1992). Фактот дека на тој начин болшевизмот преминува во друг авторитарен па и фашистоиден тип на владеачка не ја менува основната структура на моќ туку нејзината легитимизациска содржина и, секако, големината на рушителските последици.

Темелното институционално ниво на структурирање на моќта е во склад со поновата историја на постанок на држави засновани на хегемонија на една етнонационална група (Smith, 1986). Тоа е процесот на акумунилирање и локална концентрација на политичката моќ во модерната епоха кој е паралелен на процесот на транснационална акумулација и концентрација на економскта моќ. Процесот на акумулирање на политичката моќ (вклучувајќи ја и воената) по пат на национална држава се шири од (западниот) центар кон (незападната) периферија. Тој се остварува и со поголем успех од економската модернизација. Национализмот, на една страна, служи како заштита од странска доминација, а на друга страна, како покритие за внатрешната доминација. Тој претставува делотворен облик на моќ, со оглед на тоа што луѓето, во недостиг на други опции, доброволно и принудно, се приклонуваат кон домашната власт, независно од тоа колку таа, иако во нивно име, несмасно управува со добрата.

Се поставува прашањето дали таквиот образец на моќ на многубројните етнонационални заедници им се приближува како на свои златни рудници. Ако е така тогаш тоа значи дека сегашниот број од околу 200 нации не е ниту оддалеку конечен, со оглед на тоа што во светот постојат повеќе од 8.000 етнојазични заедници кои немаат своја држава (Armstrong, 1982; Wallerstein, 1990). Таквата претпоставка за идниот балкански политички пејсаж на светот е малку веројатна затоа што постоечките држави како и оние кои можеби допрва ќе настануваат врз таква основа се добро припремени за сузбивање на настојувањата кон натамошно цепење на своите територии. Тоа вистина не го исклучува самото настојување за зголемување на моќта врз основа на коњуктурализација на етничкиот идентитет како ни понатамошните судири во врска со тоа. Пресудно во однос на тоа е нешто друго. За досегашниот број на нации-држави кои израснаа од полиетнички држави со нерешени проблеми на меѓусебните граници не се одлучуваше толку врз основа на Повелбата на обединетите нации – неодреденоста и оперативната неспроводливост на поимот „народ“ како носител на „правото на самоодредување“ во

случај на етнички мешаните простори се провлекува уште од Ленин, Вилсон, Вајмарскиот договор и Советот на народите (спореди Moynihan, 1993) – колку врз основа на арбитрирањето на големите сили во локалните судири (Noiriel, 1992). Така е и денес на поранешниот југословенски простор. Обидот на Бадентеровата комисија за надополнување на препораката за признавање на новите држави на тој простор со еден услов за заштита на малцинствата во новонастанатите држави навистина претставува поместување во практиката на меѓународната заедница, односно на големите сили. Со тоа, на една страна се признава, а на друга страна се ограничува правото на независност, односно на национален суверенитет (Keane, 1994). Меѓутоа, стварните последици од тој потег не го произведуваат посакуваниот ефект: подобрување на положбата на малцинствата га и поголема меѓуетничка толеранција. Војната во „признатa“ Босна и Херцеговина и понатаму беснее, а не опаѓа напнатоста во „признатa“ Хрватска. Самиот факт дека признавањето на овие две државни беше формално, но не и до крај санкционирано (со интервенција за заштита на признатите граници) всушност отвора простор за нови судири и „свршени чинови“. Во овој постојано сегментирачки простор прекрасно се регенерира и се зацврстува системот на моќ со военополитичка доминанта врз основа на етнонационална мобилизација. Ни по структурата ниту по целта тој систем не може да се втемели врз почитување на човековите права и толеранција ниту може да се интегрира во западниот систем. Всушност, тој бара етнонационално прибежиште и меѓународно признавање на токму такво, а не некое друго лице. Западниот систем, пак, во кој преовладува економскиот интерес, не се впушта во преобликување на таквото лице на моќта и идентитетот, поради преголемите трошоци на таквиот потфат. Тој го игнорира или половично го признава грдото лице на незападната моќ. На тој начин му го овозможува патот до локалната победа или пораз, но зависно од крајните исходи на локалните судири, исто така му овозможува и стари и нови сојузништва па и реинтеграција во поголемиот, меѓународен систем на моќ вклучувајќи го и западниот. (Така преобразбата на Милошевиќ од „балкански крвник“ во „шампион“ на локалниот мировторен процес во крајна линија покажува дека освојувањето во време на интерегнум и недефиниран статус на признатите држави се исплатува и дека оној кој прв повлекува

воени потези прв ги мрда и белите фигури на миротворните потези. Моќта во однос на која Запад не може да интервенира затоа што таквата интервенција е прескапа се покажува како комплементарна со неговата моќ затоа што другиот систем ги сноси трошоците на промената кои западниот систем не може да ги поднесе).

Цел на овој прилог не е да ги објаснува светските шанси на национализмот туку да укаже на силната склоност кон сегментација на моќта – барем во делот од светот во кој живееме ние – при што модерните (секуларните) светски идеологии како и предмодерните (верски) светски идеологии се паравани за ширење на државни и парадржавни творби. Спротивноста меѓу локалната и светската легитимизација на елитите не е депласирана благодарение на нивната спсобност да ги акумулираат шансите за сопствено одржување на двата начини, по пат на дезинтеграција и по пат на интеграција на општеството. Довчерашните борци за социјализам и интернационализам стануваат поборници за национализам и расизам што е аналогно на конверзиите на Запад од пред педесетина години (репрезентативни се примерите на Waldheim и Mitterand). Тоа помалку зборува за идеологијата, а повеќе за природата на интересот за останување на власт по секоја цена.

На крајот, аморалното маневрирање со интересите свој корен има во нацијата-држава. Нејзиното внатрешно структурирање на моќта е сурвивалистичко. Секако, нацијата-држава не е и не може да биде самодоволно општество. За да преживее мора да се вклучи во меѓународниот пазар и размена (за стариот спор меѓу реалистите и мондијалистите во теоријата за меѓународните односи види: Bergsen, 1990). Затвореното општество е илузија. Но иако митотворна таа слика е јака и активна. Таа ја прави нацијата противречна – отворено општество врз етноцентрична основа. Тоа ги прави меѓународните односи недоверливи. Политичките тенденции за акумулирање и одржување на моќта во спрега со социокултурните значења кои им се придодаваат на овие тенденции, т.е во спрега со национализмот како барање за ексклузивно право на користење на ресурсите на територијата на државата се всушност автархични. Тоа претставува реализација која Клег (Clegg 1989) ја опишува како „округ на моќта“, како резултат на спојување на системската и социјалната интеграција – на „производството“ и „дисциплинирањето“, на една страна, и на

фиксирањето и рефиксирањето на значењата и членството, на друга страна. Нацијата е организиран спој на системска моќ и колективно членство од кој учесниците не можат да излезат без тешки губитоци (на моќ и идентитет). Ман оваа структура ја опишува како мрежа од четири димензии или ресурси на моќта: економска, политичка, воена и културна, односно идеолошка – и вели дека нацијата-држава е „најавторитативната организација на моќта на свој сопствен терен" (Mann, 1993, 737).

Нацијата ги заокружува изворите на моќ, материјалните и симболичките, а не некоја одредена идеја или идеологија. Меѓутоа, со ова не се определуваме за реалистичката теорија за меѓународните односи која претпоставува дека алфа и омега на борбата за моќ е „себичниот интерес" на националните држави и дека таа борба може да престане дури тогаш кога една од државите ќе постигне потполна доминација (Morgenthau, 1978). За разлика од тоа тврдиме, прво, дека освен во моментите на солидарно и во основа ирационално масовно единство, националниот интерес, како ни националната моќ, не е единствена категорија; второ, дека однесувањето на елитите со моќ го карактеризира „себичниот интерес" и дека тој навистина се остварува како во интеграциските, транснационалните така и во дезинтеграциските и етнонационалните етапи на изградувањето на системот на моќ. Со други зборови, системот на моќ се храни во две димензии, национална и интернационална. Тој е референтна и најактивна точка на создавањето и одржувањето на националниот и интернационалниот систем, на мирот и просперитетот, како и на војната и пропаѓањето.

И покрај тоа што постојат противречности меѓу начелото на сувереност на нацијата-држава и начелото на глобалното поврзување, од прашањата за човековите права до воените прашања (спореди Keane, 1994; Held, 1990), тие противречности не се ниту целосни ниту најдлабоки. Системот нација-држава во однос на суштинските работи е комплементиран со регионалните и глобалните системи, пред сѐ, во помалку развиените земји кои не можат да се интегрираат во глобалните (западни) системи и кои со националниот опстанок, што вклучува и обвинување на развиените земји или на неразвиените, но заканувачки соседи ги компензираат неуспехот и сиромаштвото. Тешко дека може да се најде похранлива приказна за двата системи на моќ.

**Интернационализмот на просперитетот и корпоративизмот на кризата.**

Самиот феномен на концентрација и централизирана контрола над ресурсите на моќта од страна на помалку или повеќе поврзани елити е карактеристичен и за преднационалните, територијални држави. Но тие никогаш не беа компактни врз културна основа. Освен во исклучителни случаи (на пример, Јапонија) старите монархии и царства како ни ранмодерните регионални пазари не се поклопуваа со границите на еден народ или јазик. Специфичноста на национализмот и на нацијата-држава е во масовната поддршка затоа што политичката моќ се спојува со одредено колективно членство и значења. Таа поддршка на масовното, национално „ние“ е демократска во смисла дека не прејудицира која конкретна политичка странка ќе добие мнозинство на изборите. На друга страна, таквата поддршка е квазидемократска затоа што избирачкото тело нема да избере странска партија или претседател како свои водачи.

Општо земено, како што истакнува Балибар се работи за два јазици на моќта со кои манипулира горниот слој од општеството (Balibar, 1992). Едниот јазик е апстрактен и универзалистички – либерален или социјалистички, технократски или политократски – и е прилагоден на хоризонталната перспектива на интеграцијата на горниот слој тогаш кога тој својата корист ја гледа во некој вид меѓународно поврзување. Другиот јазик е семеен, натопен со народски стереотипи и е во функција на внатрешната и меѓуслојната, т.е националистичката и расистичката перспектива на интеграцијата. Слична дистинкција употребува и Смит со тоа што смета дека истата има постаро потекло па затоа зборува за „аристократска“ (литерарна) и за „народна“ (вертикална) идеологија и „етнија“ (Smith, 1986).

Во модерен контекст, нацијата-држава е најсолидна основа за меандрирање на елитите со моќ кон модерната светска аристократија и кон пупулистичкиот провинцијализам. Меѓутоа ова, како што го опишува Валернштајн, „цик-цак движење“ карактеристично за доминантната како „бела“ така и „црвена“ буржоазија не може да се изведе – а тоа е точката на нашето несогласување со Валернштајн – без обезбедување на еден така солиден терен каков што е (етно)националниот. Од локалните твр-

дини се шират глобалните прегратки и само во нив може да се побара прибежиште по надворешните пустелии, кризи и неуспеси. То важи и за елитите на нациите-држави во малите и неразвиени земји со тоа што тие нивната димензија на моќта и антагонизмите ги обликуват и проектираат зависно од однесувањето на економските елити на развиените земји и зависно од односите со соседните држави и народи со сличен степен на развиеност.

Сé на сé, интегративната или дезинтегративната политика во полиетничкото општество и во меѓународните односи – едната која вели дека е подобро да се живее заедно и другата која вели дека е подобро да се живее одвоено – не донесува доверливи гаранции во однос на користа за мнозинството припадници на етничките групи. Особено ако дезинтеграцијата неминовно доведува до етнички судири, а интеграцијата до диктатура, односно до голема концентрација на моќта во една транснационална и трансетничка држава (за последното види Held, 1990). Сепак мнозинствата претпочитаат да го прифаат етнонационализмот и нацијата-држава како првокласна форма на надредена моќ, затоа што тој е во согласност со нивниот колективен идентитет. Тоа е „фамилијарен" облик на моќ и општество во кои луѓето повеќе ги толерираат кризните и незадоволителните економски и политички ситуации отколку во наднационалните рамки кои во слични ситуации ги сметаат не само за неделотворни туку и за „туѓи". Затоа модерниот систем на моќ се служи со „политиката на иденитет" (Taylor, 1992) и се држи за национализмот, за нацијата-држава и за поделбата според етничка припадност како за свое сигурно прибежиште. Проблематично е дали понатамошната интеграција на нацијата-држава врз основа на голем заеднички пазар, во случај на стопански кризи и дестабилизација на односите меѓу групите и општествата, може да осигури нова, а помалку регресивна точка на повлекување и деконструкција – или, пак, етнонационализмот е најтраен облик на спојување на масите и елитите во услови на неповолни стопански циклуси или во услови на меѓународни политички несогласувања.

Во средината на осумдесеттите Чирот предвидуваше: „Кон крајот на дваесеттиот век почнува да се увидува дека социјализмот е потрошена сила, но дека во идниот век веројатно ќе преов-

ладува корпоративизмот, во вакво или онакво руво. Со продолжување на брановите на индустриско напредување и опаѓање и со постојано зголемувачкиот притисок врз владите да ги ублажат неволјите кои ги произведуваат тие циклуси, корпоративистичката солидарност се повеќе ќе се појавува како задоволително решение" (Chirot, 1986, 295). Сепак тешко е да се замисли што друго освен национализмот би можело да биде основа на корпоративната солидарност. Особено поради тоа што по падот на биполарниот систем на моќ кризите веќе не ги погодуваат социјализмот и либерализмот како називи на два цврсто поврзани и меѓусебно спротивставени системи на моќ на глобално ниво туку, пред сè, ги погодуваат локалните единици на системите нации-држави. Додуша, како што претпоставува Хантингтон, незадоволството во тие рамки би можело со мобилизација да се прошири до ниво на верски и културноцивилизациски врски на сојузништва (Huntington 1993). Но тешко е понатаму да се претпостави дека незападните земји како, на пример, исламско арапските би можеле подолговремено да одржуваат наднационална солидарност и заеднички политички и воени или стопански установи за решавање на сопствените внатрешни проблеми. Таков систем би можел да се изградува и да се одржува единствено во случај на траен и единствен судир со западниот систем. Но, како што покажа војната во Заливот како и состојбата пред и по војната, линиите на арапско исламското единство не проработија. Исто така не проработија ниту линиите на солидарност меѓу актерите во случајот на (пост)југословенската криза од крајот на осумдесеттите до денес. Тие на еден неконзистентен начин се поделија на прозападни и антизападни струи. Тешко дека може да се очекува сојузништво, солидарност и транснационална корпоративизацијата на врските, на пример, меѓу Ирак и Либија, Србија и Грција или меѓу Хрватска и босанските Муслимани иако постојат субјективни претстави за погодност на сојузништвото против други странки во судирот. Тие претстави се секундарни во однос на јачината на етноцентричните преференции.

При сето тоа, западниот систем во судирите присуствува во улога на некој кој се определува само тактички, приклонувајќи се час кон едната час кон другата страна во судирот (случајот на поранешна Југославија) или само ја ограничува моќта на некоја од страните во судирот (случајот на Ирак). Со тоа ги оневозможува

новите антагонизми надвор од одреденото подрачје, намерно или ненамерно ги разбива потенцијалните наднационални врски.

Според тоа, не само во случаите на економски кризи туку уште повеќе и во случаите на военополитичките кризи и судири, карактеристични за неразвиените западни земји, корпоративизираната солидарност ја задржува (етно)националистичката рамка и тешко излегува надвор од таа рамка. Таквата сегментираност и неповрзаност на незападниот систем на моќ – тој постои као механички збир од нации–држави без меѓусебни органски врски (последните се протегаат единствено во насока на западниот систем на моќ) – на крајот, поради непостоењето на голема надворешна закана може да го забрза регенерирањето на националниот корпоративизам во самиот Запад. Нeединствената надворешна политика на Европа и Америка (во случајот на поранешна Југославија) е нов знак за консолидирање на жариштата на моќта врз национална основа. Секако тоа сé уште не е и типична корпоративистичка политика затоа што таа потполно се формира, пред сé, како реакција на стопанска криза во системот. При тоа се чини малку веројатно дека погодени од криза западните земји солидарно би се помогнале една со друга, дека постоечкиот систем на моќ би можел да ги разграни добротворните, алтруистичките или реципрочните институционални врски, како што тоа не го сторија ниту источните ниту јужните земји во криза. Етнонационализмот му овозможува на системот на моќ и во неповолни надворешни околности (стопански кризи или военополитички судири) да ја задржи својата физиономија, т.е да го одржи приоритетниот начин на располагање со ресурсите и поредокот на елитите. Но, исто така и привремено да зачекори во меѓународната поделба на ресурсите на моќта, во поповолни надворешни околности. Во таа фаза системот на моќ се дополнува, а во кризната фаза го чува она што го стекнал во меѓувреме. Поради тоа не постои длабока и трајна противречност меѓу либерализмот или болшевизмот, на една страна, и етнонационализмот, на друга страна. Таквата противречност била и е израз на високите коњуктури на светскиот пазар и военополитичкиот план.

превод од хрватски
**д-р Ило Трајковски**

## Литература:


1. Armstrong, J. A. (1989): *Nations Before Nationalism*. Chapel Hills: University of Carolina Press
2. Armstrong, J. A. (1992) "The Anatomy of Ethnic Identity", во A. J. Motyl (ed.) *Thinking Theoretically About Soviet Nationalities*. New York: Columbia University Press.
3. Balibar, E. (1992): "La forme nation: histoire et ideologie" во Balibar et. I. Wallerstein *Race. Nation. Classe. Les identitesambiques*, Paris: Desouverte.
4. Baymeh, M. A. (1993): *Transnationalism*, London: Sage.
5. Belanger, S. and M. Pinard (1991): "Ethnic Movements and Competition Model". American Sociological Review 56 (August), стр. 446–457.
6. Bergesen, A. (1990): "Turning World-System Theory on its Head" во M. Featherstone (Ed.), *Global Culture. Nationalism, Globalization and Modernity*. London: Sage
7. Bratton, M. and N. van de Walle (1994): "Neopatrimonial Regimes and Political Transitions in Africa". World Politics, Vol. 46, July, стр. 453–89.
8. Chirot, D. (1986): *Social Change in the Modern Era*. New York: Harcourt Brace Jovanovich.
9. Clegg, C. R. (1986): *Circuits of Power*, London, Sage.
10. Coakley, J. (1992): "The Social Origins of Nationalist Movements and Explanations of Nationalism" во J. Coakley (Ed.) *The Social Origins of Nationalist Movements*, London: Sage.
11. Connor, W. (1984): *The National Question in Marxist Leninist Theory and Strategy*. Princenton, N. J.: Princenton University Press.
12. Connor, W. (1993): "Beyond reason: the nature of the ethnonational bond" Racial and Ethnic Studies. Vol. 16, July, стр. 373–389.
13. Elster, J. (1986): "The market and the forum", во J. Elster and A. Hylland (Eds.) *Foundations of Social Choice Theory*. Cambridge: Cambridge University Press.
14. Fortado, C. F. Jr. and M. Hechter (1992): "The Emergence of Nationalist Politics in the USSR", во A. Motyl (Ed.) *Thinking Theoretically About Soviet Nationalities*.
15. Held, D. (1990): *Modeli demokracije*. Zagreb: Školska kniga
16. Hobsbaum, E. (1992) *Nacije i nacionalizam*. Zagreb: Novi Liber.
17. Hodson. E. et. al. (1994) "National Tolerance in the Former Yugoslavia". American Journal of Sociology, Vol. 99. May, стр. 1534-58.
18. Horrowitz, D. L. (1985): *Ethnic Groups in Conflict*. Berkeley: University of California Press
19. Huntington, S. P. (1993): "The Class of Civilizations?" Foreign Affairs. Summer, стр.19–94.
20. Kaldor, M. (1993): "Yugoslavia and the New nationalism" New Left Review, Vol. 197, стр. 96–112.
21. Katunarić, V. (1993): "The Conflicts in Ex-Yugoslavia/Croatia in the light of the Ethnic Competition Model" Journal of Conflict Processes, Vol.1. July, стр. 2–14.
22. Katunarić, V. (1994): Bogovi, elite i narodi, Zagreb: Antibarbarus.
23. Keane, J. (1994): "Nations, nationalism and citizens in Europe". International Social Science Journal, Vol. 140, стр. 169–184.
24. Kellas, J. G. (1991): *The Politics of Nationalism and Ethnicity*, London: Macmillan. Mann, M. (1993): *The Sources of Social Power*. Vol. 2. London: Cambridge University Press.
25. Moynihan, D. (1993): *Pandemonium*. Oxford University Press.

26. Morgenthau, H. (1978): Politics Among Nations. New York: Knopf.
27. Morokvasic, M. et. al. (1994): "Les Migrations Est-Quest dans le Debat Politique et Scientifique en France et en Alemagne". Innovation. Vol. 7. стр. 117–136.
28. Noiriel, G. (1992) "The Question of the National and Social Sciences". реферат одржан на Универзитетскиот летен програм, St-Pierre-les-Nemours, Sepetember 7-11.
29. Olzak, S. and J. Nagel (1986): "Competitive Ethnic Relations: An Overview" во S. Olzak and J. Nagel (Eds.) Competitive Ethnic Relations. Orlando: American Press. Parsons, T. (1992): Društva. Zagreb: August Cesarec.
30. Smith, A. D. (1986): The Ethinc Origin of Nations. Oxford: Basil Blackwell.
31. Smith, M. G. (1986): "Pluralism, race and Ethnicity in selected African Countries" во J. Rex and D. Mason (Eds.) Theories of Race and Ethnic relations. Cambridge: Cambridge University Press.
32. Stevenhagen, R. (1973): "Self-Determination: Right or Demon?" Journal of Ethnodevelopment. Vol. 2. стр. 68–75
33. Taylor, C. (1992): Critique de la modernite. Paris: Fayard.
34. Štulhofer, A. (1992): "Testirajuči teorije etničkog sukoba: Occamova oštrica i početak rata u Hrvatskoj" Društvena istraživanja, br. 2-3, стр. 365–382.
35. Wallerstein, I. (1990): "Culture as the Ideological Battleground of the Modern World-System" во M. Featherstone (Ed.) Global Culture...
36. Wallerstein, I. (1991): Geopolitics and Geoculture. Cambridge: Cambridge University Press.
37. Wallerstein, I. (1994): "The Agonies of Liberalism". New Left Review. Vol. 204, стр. 3–17.
38. Zaslavski, V. (1985): Neostaljinistička država. Zagreb: Naprijed.

***Dr. Vjeran Katunaric***

## *The Power and Ethnonationalism*

### *Summary*

*The fact that modern development does not weak ethnic identities and conflicts and increases the number of nation-states is explained as a consequence of two favorable conditions in which the action of modern, liberal as well as Bolshevik, elites is taking place. The first pattern has universalistic legitimization and is based on the extension of the economic and (military)political power: through the world market and (military)political alliances. This pattern is chronically unreliable because of the cyclic economic crisis and political tensions and conflicts. The second pattern is particularistic and is based on the deep linkages between the elite power and prestige with the local collective*

*membership and ethnonational and nation-state symbols. Such pattern of power foundation is reliable and "intimate" because it makes it easier for the mass of people, in the sense of ethnonational majority, to carry out the economic or political bumps when they are governed bay domestic than by foreign agents of power. On that base the corporativism is framework of the present and probably of the future (dis)integrative processes, or zigzag movements within the power systems in Western and non-western countries.*